РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. 11- 2689/2
04-09-2026 2026 година
Скопје

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ул.„Даме Груев,, бр.12**
**1000 Скопје**

**Врска:** Ваш број 13-6361/2 од 20.08.2026 година

**ПРЕДМЕТ:** Мислење по Предлог на закон за државната ревизија

Почитувани,

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 26.08.2026 година од страна на Министерството за финансии доставено е Барање на мислење на Предлогот на закон за државната ревизија Наш бр.11-2689/1.

По разгледување на доставениот предлог-текст од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ("Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) Државната комисија го дава следното

## МИСЛЕЊЕ

Со Предлогот на закон за државната ревизија се утврдуваат условите и начинот на вршење на државната ревизија, правната положба, надлежностите, организацијата, начинот на работа, финансирањето, статусот, правата и обврските на вработените на Државниот завод за ревизија, правата и обврските на субјектите на ревизија и други прашања поврзани со вршењето на државната ревизија во Република Северна Македонија.
Од предложениот текст се констатира дека не само што во одредени одредби се подобрува претходниот законски текст, туку се воведуваат одредени новини кои се оценуваат како позитивни. На пример, согласно предложениот текст при изборот

на главниот државен ревизор кој се избира на јавен оглас, новина е спроведување на интервју со кандидатите на јавна седница на работното тело на Собранието на Република Северна Македонија надлежно за прашања на изборите и именувањата, што дава можност за поголема транспарентност и јавност.

Воедно, со предложениот текст се уредува и постапувањето на субјектите за спроведување на препораките дадени во ревизорскиот извештај преку доставување на план, кој ги содржи планираните активности за отстранување на неправилностите и планираното време за тоа, а во рок од 30 дена од истекот на рокот, субјектот на ревизија е должен да извести писмено за спроведување на препораките, додека пак Државниот завод за ревизија има обврска да го провери спроведувањето на препораките. Со оваа новина во предложениот текст, се овозможува следење на препораките од страна на Државниот завод за ревизија, а извештајот за степенот на спроведувањето на препораките се доставува до органот кој согласно закон е надлежен да врши контрола и/или надзор над работењето на соодветниот субјект на ревизија.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија без да ја оценува основаноста и потребата од донесување на новото законско решение, со примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, спроведе антикорупциска проверка на предложениот законски текст со цел негово подобрување.

1. Во **член 9 од предлогот на законот** се уредува постапката за избор на главен државен ревизор, кој се избира врз основа на јавен оглас. Покрај новината што се воведува со предложениот законски текст за спроведување на интервју со кандидатите, се констатира дека подетално се уредува постапката и се утврдени роковите. Така, се утврдува дека главниот државен ревизор шест месеци пред истекот на мандатот го известува Собранието на Република Северна Македонија за истекот на својот мандат. Понатаму, јавниот оглас се објавува не подоцна од 120 дена пред истекот на мандатот на постојниот главен државен ревизор, а Собранието на РСМ го избира не подоцна од 30 дена пред истекот на мандатот.

Согласно **став** (8) од овој член на предложениот текст, во случај кога постапката за избор не е завршена пред истекот на мандатот на постојниот главен државен ревизор, главниот државен ревизор продолжува да ја врши својата функција до завршување на постапката за избор на нов главен државен ревизор.

Покрај новините кои се предложени со овој член и се оценуваат како позитивни, можноста главниот државен ревизор да продолжи да ја врши својата функција во случај кога постапката за избор не е завршена, без притоа да се утврдат определени

поблиски околности поради кои не може да се заврши постапката, укажува на недоуреденост на постапката како регулаторен ризик што остава можност за сомневање од субјективно толкување и искористување на дискреционото овластување при практичната примена на законот.

Имајќи ги предвид надлежностите на Државниот завод за ревизија, разбирлива е интенцијата на предлагачот да се обезбеди функцијата на главниот државен ревизор со цел непречено работење на оваа важна институција во државата, но токму од овие причини, неопходно е потребно да се намалат регулаторните ризици и да се утврдат одредени ограничувачки критериуми.

Во таа насока, според Државната комисија упатно е во одредбата од став (8) на овој член да се наведат одредени околности поради кои не завршила постапката (на пример: како последица на природни непогоди, односно виша сила или доколку мора да се повтори јавниот оглас од причина што не се јавиле кандидати кои исполнуваат услови и слично). Дополнително, може да се утврди и временскиот рок, како на пример дека постапката за избор мора да заврши во рок од 30 дена од завршување на одредена околност и да се усогласи со член 11 од предложениот текст.

Во контекст на наведеното се препорачува да се доуреди одредбата, со цел да се минимизира можноста од овој регулаторен ризик.

2. Во член 10 од предлогот на закон утврдени се условите кои треба да ги исполнува главниот државен ревизор и со компаративна анализа на одредбата 5 од Законот за државната ревизија, кој е во сила, евидентно е подобрување во предложениот текст кој содржи јасни и детално наведени критериуми во делот на работното искуство, додека во однос на сертификатот за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски) предложено е решение кое е општо прифатено во другите закони во државата.

Воедно, како новина утврден е дополнителен критериум и тоа во последните пет години да не бил пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, член на Владата, да не бил донатор на политичка партија или да не вршел функција во орган на политичка партија. Сите наведени новини се оценуваат како позитивни, но со цел подобрување на предложениот текст, се препорачува во точка 8) да се прошири опфатот како што е сегашното решение во Законот за државната ревизија и наместо изразот „кај субјект на ревизија„ да се користи изразот „кај друг правен субјект„.

Во точка 8) од овој член е уредено:

„да не врши друга јавна функција или професија, да не е член на орган на надзор, орган на управување, одбор за ревизија или во било кој друг орган кај субјект на надзор.„

Од вака наведената формулација во предложениот текст, оправдано се поставува прашањето што во случај кандидатот за главен државен ревизор да е член на орган на надзор или орган на управување на правно лице што не е субјект на надзор на Државниот завод за ревизија и дали во овој случај овој кандидат ќе ги исполнува условите. Воедно, наведеното не е во согласност и со член 45 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Според Државната комисија со користење на изразот „кај друг правен субјект„ се обезбедува поширок опфат, а притоа ќе се ограничи можноста при практичната примена да се јават неуредени случаи како правна празнина, што претставува регулаторен ризик.

Оттука, се препорачува овој регулаторен ризик да се отстрани.

**Забелешката се однесува и за член 32 став (7) од предлогоженият закон.**

3. Во **член 28** од предложениот закон се уредува комисијата пред која се полага стручниот испит и истата ја формира главниот државен ревизор. Согласно **став (3)** „Комисијата е составена од 5 члена од кои двајца се овластени државни ревизори од редот на вработените во Државниот завод за ревизија и тројца се надворешни стручни лица кои поседуваат високи професионални квалификации и вештини и докажано искуство од областа на ревизијата, како и од областите утврдени во Програмата за полагање на стручниот испит од член 27 став (5) од овој закон.„

Во вака формулираната одредба се констатира дека предлагачот на законот пропуштил поблиску да уреди врз основа на кои критериуми ќе утврдува главниот државен ревизор дека надворешните стручни лица поседуваат високи професионални квалификации и вештини, дали е потребно да доставаат докази за искуството во областа, кога и во каква постапка, односно не ги уредил сите аспекти и фази во постапката.

Оттука, начинот на кој е уредена одредбата преку неидентификуван опсег на сите фази во постапката претставува регулаторен ризик, а воедно се остава можност за искористување на дискреционото право од страна на главниот државен ревизор кој со подзаконски поблиску ја пропишува програмата за полагање на стручниот испит, начинот на полагање и спроведување на стручниот испит и начинот на бодирање на првиот и вториот дел од стручниот испит.

Воедно, нејасно е дали со овој подзаконски акт поблиску ќе се уреди и начинот на формирање и работење на Комисијата за полагање на стручниот испит, дали со завршување на целиот испитен циклус, за што им следува еднократен паричен надоместок кој изнесува до една просечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во месец декември во претходната година, ќе продолжи да работи и во наредниот испитен циклус или ќе се формира нова комисија, како ќе се врши исплатата на паричниот надоместок доколку некој член од Комисијата не присуствувал на целиот испитен циклус.
Оттука, се препорачува да се доуреди одредбата во насока на отстранување на овој регулаторен недостаток.

Со цел да се минимизираат ризиците од корупција и судир на интереси кои може да резултираат со примена на предложениот закон, од аспект на примена на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија за спречување на корупцијата го доставува предметното мислење.

Воедно се укажува на потребата навремено да се достави известување за преземените активности во насока на надминување на утврдените регулаторни ризици, односно образложение за препораките кои не се прифатени.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: Д.Д.,советник
Контролирал: А.С., раководител на одделение
Согласен: Б.В.Б., помошник раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш., член на ДКСК